ц3678

НОВА МАКЕДОНИЈА 10. 6. 1997, 18098, 16.



Димче Николов

НАШИ РАЗГОВОРИ

# Клучеви за освојување на просторот

**● Познатиот графичар Димче Николов е добитник на откупната традиционална награда на весникот „Нова Македонија" на Меѓународното графичко триенале во Битола. – Моите графики имаат доста црно-бел валер кој претставува мноштво на повеќе тонски разлики – вели Николов**

Традиционалниот откуп на весникот „Нова Македонија" на Меѓународното графично триенале во Битола годинава му припадна на познатиот македонски графичар **Димче Николов** за една од двете графики што се застапени на изложбата под наслов „Пејзаж 9". Овој автор во текот на целата историја на Триеналето (и кога организацијата му беше југословенска до 1991 година) има добиено вкупно четири награди вклучувајќи ја и наградата на нашиот весник: двапати Гран при и еднаш ромноправна втора. Инаку, во текот на долгогодишната графичка активност, Николов има освоено 17 значајни интернационални награди – Гран при, почесни, откупни ... во Сапоро – Јапонија, во Сеул – Кореја, во Краков и Лублин – Полска, во Оренса – Шпанија, во Келн – Германија, во Бопал – Индија, во Љубљана – Словенија и тн. работи како редовен професор на Факултетот за ликовни уметности во Скопје на отсекот за графика.

**● Што би можеле да ни кажете за наградено дело во смисла на идеја, ликовен проблем и естетско решение?**

– „Пејзаж 9" е најнова графика, работена во 1997 година и е дел од циклус од пет графики работени во техниката етканица-акватинта. Идејно нема ништо препознатливо: сè е сведено на ликовни елементи. Темно-светло, линија-структура, полна-празна површина, односно цена или врамена со линија. На сите тие елементи треба да им се најде местото и насоката како ќе бидат поставени, треба да се одреди колкави ќе бидат третираните површини и слично. Потоа, сите овие елементи треба да се постават во меѓусебен соодност. На пример, во првиот план имам една детално изработена површина од која гледачот дознава многу повеќе отколку од околината: таа е пореална и е носител на композицијата, ги прекрива другите површини во заднината и е изработена со релјефно структурирани детали. Исто така, застапено е осочнување на црниот детал што значи дека бојата зрачи, нема строга линија. Линиите, пак, се јавуваат како конструктивни елементи и ги носат цртачките вредности и во целиот тој ликовен простор делуваат освежувачки врз големите површини. Сето тоа е основа на проблемот кој го решавам за да можат сите тие елементи што ги истражувам да функционираат меѓусебе во една целина.

**● Кои се основните правила на вештината?**

– Секој автор им подлегнува, сакал или не. Свесно или несвесно, тој ги употребува тие правила. Во оваа конкретна графика, на пример, јас не сум побегнал од природното правило за левата и за десната страна. Во природата, од изгрејсонцето до пишувањето и во уметностите од театарската сцена до секоја слика, левата страна е секогаш набиена, побогата, додека во десната се чувствува олеснувањето и завршувањето.

**● Што ново во однос на Вашето досегашно графично творештво носи „Пејзаж 9"?**

– Новото е само на креативно ниво, во смисла на компонирање на елементите. Таа не носи никаква порака, едноставно се менуваат тие елементи по форма и по место со цел да се дојде до едно почисто естетско решение. Не значи дека претходните мои дела биле претрупани со елементи. Сега само се работи за едно ново расположение и размислување за просторот – дека може да се оди со голем елемент, заеднички, за да се постигне една сосема друга напнатост на елементите во дадениот простор. Постарите мои графики имаат доста повеќе графизми (точки, кругови, неконтролирани линии ставени случајно), меѓутоа со една голема функција на соединување на големата површина во едно заедништво и освежување на целиот простор. Во сите графики се застапени ликовните клучеви за освојување на просторот: прв, втор и трет план и тоа по принципот на прекривање на елементите (еден зад друг), јасноста, а со тоа и структурираноста, светло-темното кое ми се чини е одлика на тие графики. Всушност, моите графики имаат доста црно-бел валер кој претставува организација или мноштво на повеќе тонски разлики.

**● Како член на Советот на манифестацијата, на комисијата за прием на дела и на комисијата за поставката на Второто меѓународно триенале на графика во Битола се чините најкомпетентен за правење паралела меѓу минатото Триенале (во чија организација исто така учествувавте) и ова и за суд околу квалитетот на манифестацијата.**

– Се чувствува драстично подобрување на манифестацијата во однос на учесници и во однос на земји и во однос на пристигнати дела. Според мене најзначајни се јапонската и полската селекција кои по својот квалитет досега не биле видени на ниту една позната манифестација, а сум ги видел повеќе. Тоа не може да се види ни во Краков, ниту во Љубљана. Во контекст на организација, Триеналето многу добро функционира, има одличен каталог и во целина може да се спореди со многу постари манифестации како што се во Краков или во Јапонија. Изложбата овојпат е пофункционално поставена во Заводот за заштита на споменици отколку минатиот пат. И покрај финансиските тешкотии, покровител беше Министерството за култура, на манифестацијата ѝ е посветено доволно внимание кое таа апсолутно го заслужува. Можеби би требало секоја година на сметката на организаторот да пристига одредена сума пари за триеналето, а не на три години наеднаш да биде товар за државата или спонзорите. Кога сме кај нив, да ја посочам особената помош на Битолската пошта без чија придонес Триеналето немаше да биде како што е – манифестација со светски квалитет.

С. Ѓуровска